*К. Делиниколов*

# КОН ПРОБЛЕМОТ ЗА ОЦЕНУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ВО НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

Педагошката теорија и дидактиката со своите принципи многу допринесуваат за развојот на унапредувањето на наставата по историја и на наставата воопшто. Меѓутоа, во практиката побавно и потешко продираат теоретските педагошки и дидактички достигнувања. Без да се генерализира, сепак може да се каже дека и денес сè уште наставата по историја се спроведува не така како што не учи педагошката теорија, туку така како што наложуваат условите и законските прописи наследени од минатото. Да не навлегуваме во разглобување, зашто не мислам на недоволната материјална и просторна опременост на училиштата, на недоволната опременост со нагледни средства и сл., иако во тој поглед досега во нашето школство многу е постигнато. Прашањето е за традицијата на проверувањето и оценувањето на знаењата на учениците. Традицијата е стара колку и самото општество и во текот на вековите, во врска со општествено-економските промени, и таа се менувала и се прилагодувала на современите услови. А таа традиција во нашите современи услови, во услови на развиена наука и техника во светот, иако веќе е застарена, сè уште не е променета. Се испитува и оценува скоро на ист начин, со мали измени, како пред стотина години. А познато е дека колку повеќе општеството еволуира толку повеќе се наложува целите и методите во наставната работа да се менуваат и прилагодуваат на потребите што ги поставува новото општество. Напоредно со тоа треба да се менуваат и целите и методите за проверување и оценување на знаењата на учениците со што се извршува неопходната селекција и категоризација на учениците. Меѓутоа денес, кога ученикот има можност на разни начини и од разни извори да стекнува знаења — преку книги, весници, радио, телевизија, филм, театар и сл., во наставната работа сè уште по старите методи се проверуваат и оценуваат изнесуваните научни и педагошки вистини. Но за тоа не се виновни наставниците. Виновни се училишните прописи кои во наше време можат да се сметаат за застарени и конзервативни. Тоа посебно се однесува за училиштата од втор степен, каде се школуваат ученици од над петнаесетгодишна возраст, ученици кои во основното училиште се научиле како се учи и кои се здобиле со неопходната љубов, интерес и потреба за учење. Во второстепеното школување потребно е

да се доизградат, да се оформат како интелекти и да се оспособат за самостоен сопствен развиток, се разбира, откако ќе се изврши нужната селекција преку оценување на знаењата на учениците. А како се извршува во практиката оценувањето на знаењата на учениците и што се бара од наставникот и понатаму? Според школските прописи наставникот треба устно да ги провери знаењата на учениците и да ги оцени најмалку два пати во едно полугодие. За да го задоволи ова барање, тој и покрај својата волја, во повеќе случаи не се придружува кон педагошките и дидактичките принципи. Најчесто организацијата на часот е таква што му овозможува и оценување на знаењата на учениците и изнесување на нов материјал. А ова во практиката се сведува на тоа половината од наставниот час да се испитува и оценува, а во другата половина да се предава. И, сепак, дури и со овој начин на работа наставникот одвај за три месеци настава успева да ги оцени сите ученици, бидејќи во практика во паралелките, особено во први и втори клас, има и по 40 до 46 ученика. Ако предметот е застапен со три часа неделно, наставникот ќе успее да ги оцени сите ученици со горниот, начин на работа, (кој е неправилен), но ако е застапен со 2 часа неделно, тогаш тоа одвај ќе може да го стори. А дали по тој начин на работа наставникот ќе успее да ги запознае сите ученици?

Кога станува збор за оценувањето на учениците по историја во училиштата од втор степен, треба да се има на ум фактот дека учениците за да добијат позитивна оценка, мораат да раскажуваат пооделни целини од наставниот материјал. Наставникот не може да се задоволи само со погодувањето на некои факти или изнесувањето на некои фрагменти од наставната целина, каков што е случајот кога се работи фронтално, со целиот клас. А да се ислуша ученикот како расудува, како објаснува и поврзува логички, потребни се неколку минути. Два до три ученика по неколку минути неусетно изминал половината час.

Устното проверување на учениците неоспорно е потребно и многу корисно, но така како што се бара и како што се спроведува во практиката само заради оценување, тоа оди само во штета на наставата. Бидејќи устното испитување само заради оценување навистина бара многу време на штета на повторувањето на минатиот материјал и изнесувањето на нов материјал. Поради тоа честопати се случува пред квалификациониот период или пред полугодието, кога треба да се внесат оценки во прозивниците, испитувањето и оценувањето на учениците да станува на брзина. А ако бројот на учениците во една паралелка е многу голем (како што е вообичаено во практиката) оценувањето се врши уште поповршно. Освен тоа методите за проверување на знаењата на учениците како и оценувачкиот критериум кај секој наставник различен и изразито субјективен. Да земеме пример од наставата по историја. Како во секој наставен предмет така и во предметот историја има помалку или повеќе важни моменти во наставната материја. А кои се тие помалку или повеќе важни моменти? Тоа, во практиката, зависи од наставникот, од неговата стручна и педагошка подготвеност. За некои наставници по историја многу е важно учениците да ги знаат годините од кога до кога владеел некој владетел или кога се родил и кога умрел, отколку економските, политич-

ките и културните прилики во времето на односниот владетел. И за такви знаења учениците добиваат оценки. А тоа воопшто не е важно, бидејќи тоа не е суштинското во историјата како образовен и воспитен предмет. Поважно е учениците да го знаат во основа економско-општествениот развиток на дадената епоха и најкрупните политички и културни настани во дадената земја. На пример, поважно е учениците да ги знаат за римскиот император Константин годините кога и зашто ја преместил престолнината од Рим во Цариград, кога и зашто ја прогласил христијанската религија за официјална државна религија, отколку годините од кога до кога тој владеел. Поважно е да се знаат за Самуиловото царство годините кога е создадено, големиот пораз во битката на Беласица и до кога постоело. Поважно е да се знае за цар Душан кога и каде се прогласил за цар, кога црквата е прогласена за патријаршија, кога е донесен Душановиот законик и какви биле општествено-економските односи во тоа време, отколку да се знае кога се родил, кога дошол на престолот и кога умрел.

Меѓутоа, има случаи во историјата кога и смртта на некој владетел или револуционер може и треба да се нагласи, ако тоа има извесно значење за развојот на понатамошните настани. На пример убиството на Цезар, смртта на цар Самуил, убиството на султанот Мурат I и кнез Лазар, убиството на Гоце Делчев и сл. Во зависност од тоа за кој период се однесува наставниот материјал, таква треба да биде и прецизноста на одговорот. За некои настани доволно е да се спомене само векот, за други годината, а за трети мора да се знае денот, месецот и годината. На пр., учениците мораат да знаат точно кога бил фашистичкиот напад на Југославија, денот на востанието на македонскиот народ против фашистичките окупатори, Второто заседание на АВНОЈ, Првото заседание на АСНОМ, ослободувањето на Скопје и др. Иако во историјата има прилично многу слични случаи, сепак тие полесно се запомнуваат отколку годините на раѓањето и умирањето на владетелите Полесно е да се научат и запомнат поважните настани и датуми, што остануваат во трајно сеќавање, отколку неважните и безначајните. Од друга страна полесно и покорисно е да се изучуваат настаните кога имаат меѓусебна врска, отколку изолирано.

Како што се гледа, од субјективното мислење на наставникот зависи што во устниот одговор на ученикот ќе се смета за точно и важно па спрема тоа и ќе изврши оценување. Од него зависи и кога ќе биде прашуван ученикот и како ќе биде прашуван, имено, дали на часот кога е планирано да се предава нов материјал, тогаш испитувањето е пократко и полесно, или на часот за повторување, кога наставникот има можност да поставува прашања и од порано изминатиот материјал.

Устното проверување и оценување на знаењата на учениците има и друга слаба страна. Кога наставникот испитува еден ученик, другите му потшепнуваат. Наставникот не може да биде сигурен дали испитуваниот ученик знае. Тоа особено се однесува за учениците со колебливи и несигурни знаења. Во такви и слични случаи наставникот пак по свое убедување ќе заведе оценка. А тоа секако не останува без реакција кај учениците.

Незадоволство кај учениците од испитувањето на наставната материја по историја предизвикува не само тоа што некои наставници се задржуваат на безначајни моменти, но и тоа што без врска на обработуваниот материјал, поставуваат прашања од стар материјал. Едни наставници кога ги испитуваат учениците се задржуваат само на последните неколку методски единици, барајќи обопштени знаења од постарите лекции, а други наставници освен новиот наставен материјал бараат од учениците да го знаат во детали и она што одамна е учено и што нема врска со новиот материјал. Такви прашања обично се поставуваат на послабите ученици, за да се провери дали го научиле и стариот материјал. А факт е дека и добрите ученици, кога би биле проверени на такви изненадни прашања, на нив тешко би одговориле. На пр. наставникот, според годишното наставно распределување, веќе го обработува материјалот за југословенските народи во времето на развиениот феудализам, а во истото време, кога ги проверува знаењата на слабите ученици, им поставува и прашања од материјалот за стариот век или од раниот феудализам. Таквите прашања можат да бидат умесни само тогаш кога наставникот систематски го повторил и добро го обработил материјалот со целиот клас. Тогаш може да се бараат одговори од поединечни ученици на целиот минат материјал. А по силата на законот на рационализацијата, наставникот треба секој час да одделува време за проверување и оценување на знаењата на учениците и секој одговор јавно да го запишува во прозивникот или во својот бележник. Сепак кога и така би се работело пак не може во доволна мера да се проверат знаењата на учениците. Тогаш се оправдува настојувањето на некои ученици почесто да бидат проверувани. А честопати поради погоре изнесените причини, наставникот не е во состојба тоа да го постигне.

Токму поради такви и слични случаи што се среќаваат во наставната практика, особено во однос на оценувањето, има големо реагирање од страна на учениците. Тоа се слуша скоро секој ден во наставната работа. Такви остри забелешки во однос на наставно-образовната и идејно-воспитната работа, како и во однос на оценувањето, има изнесено во редица анонимни анкети од страна на учениците. На пример, во една анкета учениците велат: „Наставата не ме задоволува. . . . заради наставниците и нивното неправилно оценување полно со навреди и грубости"; „Некои професори не даваат темелно знаење, а кога испитуваат бараат повеќе отколку што дале. Штом ученикот не знае му се развикуваат. Професорот треба да му помогне на ученикот како да го совлада оној материјал што не го знае, а не да го навредува"; „Некои професори не водат сметка за расположението на ученикот со кое дошол од дома (или, како што вели еден педагог, на спортистите сите им признаваат дека еден ден не мораат да бидат „во форма", а кај учениците тоа не се зема во предвид); „Некои професори на час доаѓаат налутени од некоја нивна приватна работа, а лутината ја истураат на учениците". Покрај негативни работи за наставата учениците изнесуваат и многу позитивности, на пример: „Некои професори толку убаво предаваат што ние просто забо-

раваме на времето. Тие секогаш си имаат одреден план за изнесување на нов материјал, за повторување на стариот материјал и за поврзување со новиот. При оценувањето тие не прават разлика меѓу учениците, оценуваат по заслуга, а не врз база на стара слава. Имаат карактерен однос и рационално го користат времето на часот". И покрај сето тоа учениците на крајот заклучуваат дека се незадоволни од еднострончивото оценување на знаењата. Сето тоа не би се случувало и помалку би се третирало ако се измени како методот на изнесувањето на новиот материјал и повторувањето, така и методот на проверувањето знаењата на учениците. За реализирање на ова барање наставникот е скоро единствениот фактор од чие субјективно разбирање, залагање и расположение зависи успехот во наставата.

По оваа констатација веднаш се поставува прашањето како да се измени оценувањето за да стане обективно и беспристрастно? На прво место наставникот не би требало да ја има сегашната обврска за оценување преку испитување. Ако наставникот (по сите наративни предмети) не е обврзан на тромесечието и на полугодието да дава оценки на учениците единствено преку устно проверување на знаењата, многу поголема грижа би посветил за осовременувањето и унапредувањето на наставата. Тогаш ќе има доволно време на часот да се читаат и разработуваат историски документи, да се читаат реферати, да се прикажуваат наставни дијафилмови и филмови, да се слушаат школски емисии снимени на магнетофон, па и да се дискутира по нив. Ќе се повторува и проверува колку е совладано од она што е поминато и ќе се надополнуваат празнините. И нема да има случаи додека наставникот ги испрашува послабите ученици (а такви во некои паралелки ги има многу), другите ученици да се досадуваат или да се занимаваат со друга работа, а не да ја следат наставата. Кога не би се испитувало за оценка, која засега е само субјективна, не би постоел и стравот и тремата, поради што некои ученици често и не можат да го изнесат и она што го знаат. Нема да има бегање од часовите заради тоа што можеби оправдвано не се подготвил некој ученик, а за тоа овој ученик, па и целиот клас, ќе мора да го лаже својот класен раководител, дека му се слошило или го повикал некој и сл. Ќе се избегнат и навредите што честопати изнервираните наставници ги упатуваат кон учениците. Тогаш навистина наставата ќе се збогатува и, што е најважно, сè повеќе ќе станува занимлива, привлечна, радосна и освежувачка за учениците. За учениците, доаѓањето во училиште би претставувало вистинско задоволство а не терет и страв од слаби оценки.

Но ако не се оценуваат учениците преку устно испитување на часот за време на изведувањето на наставата, тогаш веднаш се поставува

прашањето — како и кога да се оценуваат? Тоа прашање во некои земји со поразвиени школски системи е решено со воведувањето на тестирања на полугодието и на крајот на годината За таа цел имаат изработена техника за составување, спроведување и статистичка обработка на тестовите. Се употребуваат наставни и стандардизирани тестови како објективна форма на проверување и оценување на знаењата на учениците. Исто така се употребува и еден специјален вид тест што се вика евалуација, со кој се мерат повеќе функции на учениковата личност. А секој од овие тестови се дели на неколку типа. Предноста на оценувањето преку тест е во тоа што е објективно и што со него може, врз база на повеќе прашања, подетално и посигурно да се проверат резултатите од наставата и знаењата на учениците, и тоа одеднаш на цел клас или цело училиште, отколку устното или писмено оценување. Оценувањето преку тест е справедливо бидејќи сите ученици решаваат исти задачи под исти услови. Преку овој начин на оценување се исклучени субјективните моменти на личноста на испитувачот и затоа секој наставник донесува иста оценка. Кога би се вовело задолжително оценување на учениците преку тестирање, тогаш можеби ќе отпадне и сегашната форма на полагање завршен матурски испит, од која наставниците главно не се задоволни.

Кога веќе во некои поразвиени земји се применува тестирањето и се постигнуваат резултати, зошто и во нашите училишта не би се применувале задолжителни тестови за оценување на учениците? Овој проблем би требало да се разгледа и реши од страна на државните просветни органи зошто во врска со тоа на училиштата би им биле потребни и нови материјални средства. Со воведувањето на оваа тестовна форма на оценување како задолжителна, ќе се избегнат и многу други непријатни работи што се среќаваат во наставната работа.

Се разбира, и во тестирањето освен позитивности има и ред слабости и недостатоци. Но сепак преку овој начин се стекнува поточна претстава за резултатите на наставничката и ученичката работа и се даваат повеќе можности на наставникот да ја развива и унапредува наставната работа, повеќе би можел да посвети внимание за активирањето на сите ученици, за стекнување на нови знаења и за нивното утврдување, за устното и писменото изложување, за идејното воспитание и сл., бидејќи за сето тоа би имал во доволна мера наставно време. А тоа секако подобро би било и за учениците и за наставниците.

Кога станува збор за воведување на нови форми на проверување и оценување на знаењата на учениците преку тестирање, тоа не значи дека наставникот треба наполно да го отфрли устното проверување и оцену-

вање. Напротив, било какви нови форми на оценување да се воведат „устното проверување треба и понатаму да постои како постојана форма, на наставниот час, но никако како главна основа за оценување”, бидејќи е крајно субјективно. Затоа крајно е време и кај нас да се почне со воведување на нови тестовни форми за проверување и оценување на знаењата на учениците, и тоа со одобрение и препорака од надлежните просветни органи. На тој начин тестирањето ќе стане законско и задолжително средство за оценување на учениците.